| | |
|---|---|
| Предмет | МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломирана мед.сестра/техничар |
| Код | СМ С/Т-323 |
| Студиска година | Трета |
| Семестар | Шести |
| Вкупно часови | 195 |
| Кредити | 8 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за запишување во трета година |
| Изведува | Катедра по психијатрија, Катедра по неврологија, |
| Одговорен наставник | Катедра по психијатрија, Катедра по неврологија, |
| Адреса: | Клиника за психијатрија, Клиника за неврологија Водњанска 17, Скопје, Тел. +389 2 3112 579 (Психијатрија), Тел. +389 2 147 333 (Неврологија) e-mail: vpejovskag@medf.ukim.edu.mk; e-mail:ilievska@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за медицински сестри и техничари , професионални предмети, ментално здравје, психијатрија, неврологија |
| Учебни цели | Да научат за најчестите ментални нарушувања и спецификите на здравствена нега на пациентите со ментални нарушувања<br>-Да ги препознаат влијанијата на биолошките, социолошките и психолошки фактори во здравјето и болеста и нивното значење во медицинските едукативни активности на ниво на примарната, секундарната и терцијарната здравствена заштита<br>-Да ги научат основните психопатолошки концепти<br>-Да научат да ги разликуваат спецификите на примарната, секундарната и терцијарната превенција на менталните нарушувања<br>-Да научат да ја препознаат улогата на медицинската сестра/техничар во подобрувањето на менталното здравје<br>-Да развијат хуман однос кон пациентите со ментални нарушувања<br>-Да се запознаат со клиничката слика, дијагностичките и терапевтски можности на најчестите невролошки заболувања со посебен осврт на крвните садови, дегенеративните заболувања и тумори на мозок како и за повредите и функционалните нарушувања |
| Кратка содржина | Теоретска настава:<br>Здравствена нега (30 часа):<br>-Развој на здравствена нега на пациентите со ментални нарушувања кај нас и во светот<br>-Здравствена нега кај пациентите со ментални нарушувања и улогата на медицинската сестра/техничар<br>-Тимска работа<br>-Значењето на комуникацијата со пациентите со ментални нарушувања во здравствената нега<br>-Колективна терапија<br>-Организација на психијатриски сервис<br>-Етички аспекти на здравствената нега на пациентите со ментални нарушувања<br>-Методи на работа во здравствената нега на пациентите со ментални нарушувања<br>Прием и испис на пациентите со ментални нарушувања<br>-Класификација на ментални нарушувања |

| | |
|---|---|
| | -Улогата на медицинската сестра/техничарво третманот на пациентите со:<br>• органски ментални нарушувања,<br>• ментални<br>• нарушувања како резултат на уживање на психоактивни супстанци,<br>• шизофрени,<br>• параноични,<br>• емоционални и<br>• персонални нарушувања<br>-Здравствена нега на пациенти со: агресивно, депресивно и манично однесување<br>-Здравствена нега на стари пациенти со ментални нарушувања<br>-Здравствена нега на суицидални пациенти<br>-Здравствена нега на пациенти зависни од алкохол<br><br>**М ентално здравје (15 часа)**<br>-Историски развој на психијатрија, видови на превентивни активности и легални аспекти. Д ефиниција на ментално здравје<br>-Општи знаци и симптоми на ментални нарушувања<br>-Основни карактеристики на органски ментални нарушувања и нивни манифестации кај возрасни<br>-Злоупотреба и зависности од психоактивни супстанци<br>-Шизофренија, депресивни нарушувања<br>-Нарушувања на однесување<br>-Суициди и суицидални однесувања<br>-Неуроза и стрес<br>-Персонални нарушувања<br>-Третман на психијатриски болен<br><br>**Неврологија (15 часа)**<br>-Осврт кон главните елементи на топографска анатомија и физиологија на нервите<br>-Невролошки дијагностички методи<br>-Цереброваскуларен инсулт<br>-Епилепсија<br>-Мултипла склероза<br>-Тумори на мозок<br>-Дегенеративни заболувања: М.Паркинсон, Jakob-Creutzfield<br>-Болести на периферни нерви-полиневрити, полирадикулоневрит<br>-Повреди на мозок<br>-Главоболки и фацијална болка<br><br>**Пракса:**<br>**Здравствена нега (80 часа):**<br>Воведен семинар на психијатриски оддел, изведување на стандардни и интервентни активности на здравствената нега кај пациенти со ментални нарушувања<br>**Неврологија (55 часа):**<br>Изведување на стандардни и интервентни активности на здравствената нега кај пациенти со невролошки нарушувања |
| Организација | **Теоретска настава:** 60 часа<br>**Пракса:** престој во тек на полно работно време (135 часа) |
| Методи на учење | Предавања, пракса |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:**<br>Студентот ќе биде способен да ги препознае проблемите на здравствена заштита кај пациентите со ментални нарушувања<br>**Клучни вештини:**<br>Студентот ќе ги применува основните процедури и интервенции на здравствената нега кај пациентите со ментални нарушувања . |

<table>
<tr>
<td>Специфични препораки за наставата</td>
<td>
Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењ ето за да добие потпис.
Бодирање на активностите на студентот:
<table>
<tr><td>Вид на активност</td><td colspan="3">Бодови</td></tr>
<tr><td></td><td>ЗдНега</td><td>М ентЗд</td><td>Неврол</td></tr>
<tr><td>Теоретска настава *</td><td colspan="3">5-10</td></tr>
<tr><td>Пракса **</td><td>13-27</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Континуирана проверка</td><td>10-15</td><td>4-7.5</td><td>4-7.5</td></tr>
<tr><td>Практичен испит</td><td>24-33</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td colspan="3">60-100</td></tr>
</table>
присуство на теоретска настава:<br>
51% - 60% - 5 бода;<br>
61% - 70% - 6 бода;<br>
71% - 80% - 7 бода;<br>
81% - 90% - 8 бода;<br>
91% -100% - 10 бода.<br>
практична настава (135 часа): секој час носи по 0.2 бода<br>
присуство - 0.1 бода<br>
активност - 0.1 бода
</td>
</tr>
<tr>
<td>Проверка на знаења</td>
<td>
Условувачки критериуми: Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската настава и праксата за да пристапи на континуирана проверка. Проверката на знаењ а е писмена и се изведува по завршувањ ето на предавањ ата на секој од сегментите посебно. Практичниот дел на испитот се изведува по завршувањ е на праксата и се состои во проверка на практичните знаењ а, оценка на дневникот (документацијата за негата) и оценка на однесувањ ето и ангажманот на студентот. Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги и континуираните проверки и практичниот дел на испитот. Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од континуираните проверки и практичниот испит, во спротивно, се јавува на комплетен завршен испит.
Комплетен завршен испит: Испитот е писмен и/или практичен. Се состои од континуираните проверки и/или практичниот дел на испитот на коишто студентот не освоил минимум бодови.
</td>
</tr>
<tr>
<td>Учебни помагала</td>
<td>
Основни:<br>
Авторизирани предавања од Катедрите
</td>
</tr>
</table>